СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ ВЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,одржано на 22 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ТРЕТОТО ПРОДОЈШЕНИЕ ЖА 41-та СЕДНИЦА НА СО БРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАЖАНА 22. Х. 1992 ГОДИНА

1. АНДОВ СТОЈАН - 5,6,8,13
2. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 9,10,13
3. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ -6
4. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 6
5. ПЕТРОВ ТОДОР - 2
6. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5
7. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7
8. ФРЧКОВСКИ ЉУБ0МИР - 9

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 22 октомври 1992 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Иван Иванов, Доста Димовска, Јордан Зафиров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за државјанство на Република Македонија.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 26 и за додавање нов став 4...

Ве молам, каде е претставникот на Владата по овој закон?

Да се повика министерот веднаш да дојде.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 26 и за додавање нов став 4 по ставот 3 на членот 26 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во врска со амандманот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана на член 2 за додавање нов став 1, кој стана составен дел на текстот на Предлогот на законот, Комисијата

извести дека Владата всушност не го прифатила овој амандман и предлага Собранието да се произнесе по него.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 7, став 1 точка 2, член 7 став 1 за додавање нова точка 8, на член 26 за додавање нов став 3 и на член 26 став 3, пратеникот Томислав Стефковски поднесе амандман на член 26 став 3, пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандман на член 26 став 3, а пратениците Авди Муртезани и Оломан Сулејмани поднесоа амандмани на член 7 и на член 26 став 3, со кои претставникот на предлагачот не се согласил.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман за бришење на ставот 4 на член 26 и пратениците Тодор Петров и Владимир Голубовски поднесоа амандмани за бришење на став 4 член 26, а пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за бришење на точката 1 на став 1 на член 7, со кој Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 1 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Процедурална забелешка.

Сакам да ставам една процедурална забелешка за која побарав и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно-правната комисија да се изјаснат. Забелешката се однесува токму во моментот кога седницата, второто продолжение на Четириесет и првата седница се прекина, веднаш после изјаснувањето за амандманот на Законот за државјанство на Република Македонија, членот 26 став 3 да се менува и да гласи:

"Државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ, кои имаат пријавено законски престој и живеалиште на територијата на Република Македовија, со денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за странци и спрема нив се применуваат одредбите од Законот за движење и престој на странци.

Лицата од став 1 на овој член ќе можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија согласно со одредбите на овој закон".

Овој амандман беше во постапка, јас го образложив, министерот Фрчковски беше присутен, си го ислуша фино образложението по амандманот и откако заврши гласањето, а овој Парламент со потребното мнозинство гласови го усвои овој амандман што стана составен дел на Законот, министерот Фрчковски интервенираше на крајот од расправата, откога се заклучи расправата по тогашните сите поднесени амандмани, интервенираше дека Владата, лично тој прво поднесува амандман со кој ја враќа во постапка истата содржина на ставот 3 на членот 26.

Веднаш после тоа имаше седница Комисијата за уставни прашања, оваа седница беше во тек, се прекина расправата на Второто продолжение на Четириесет и првата седница и во меѓувреме пратениците воопшто не се известија заради што седницата се прекинува,иако беа исполнети сите услови Законот за државјанство да се донесе.

Со оглед на тоа што Владата на 20 август, користејќи ја можноста, бидејќи седницата се прекина, го поднесе амандманот на член 26 со којшто го повтори со иста содржина текстот на членот 26, кој ова Собрание веќе еднаш го одби, сметам дека ова

Собрание треба да се изјасни дали воопшто вакво однесување на Владата може да се толерира, бидејќи создаваме преседан кој може да доведе до состојба ниту еден закон кој е во постапка да не може да се донесе. Имено, претставникот на Владата укажа дека ќе поднесе амандман, тој тоа го стори, меѓутоа, на седница на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана и Законодавно-правната комисија беше побарано од Комисијата за деловнички прашања да даде толкување дали Владата кога е предлагач на одделен текст на закон, Собранието кога ќе се изјасни по еден амандман на пратеник со кој се менува содржината на тој текст член од предлог на закон во постапка, дали Владата може повторно да го злоупотребува своето право и да предлага повторно амандман кој станува составен дел на законот со иста содржина што веќе Парламентот со регуларно гласање ја одбил.

Во таа смисла барам, бидејќи тоа е заклучок и на Законодавно -правната комисија, Комисијата за деловнички прашања да утврди дали Владата има право на таков начин да постапува, во текот на постапката за донесување на законот. Доколку тоа се разјасни, да можеме да продолжиме понатаму по разгледувањето на поднесените амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, еве еден ваков предлог има од две комисии. Од двете комисии, така или само ваш предлог е?

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ОД МЕСТО)

Од двете комисии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот информира дека Предлогот е од двете комисии, барање на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрака.

Ова не е чисто деловничко прашање, ова е политичко прагоање на барање на две комисии да се изјасни и трета комисија.

Тогаш ние мораме да дадеме една пауза да се состане Комисијата за деловнички прашања, да'се изјасни по ова барање на двете комисии.

Ве молам, тие работи вие треба да си ги решите на комисиите дали

ќе барате или не, а не овде сега. Две комисии кои се надлежни да бараат.

Сега дали вие сте барале како Комисија, ве молам изјаснете се.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде веројатно е во прашање некое недоразбирање. Господин Тодор Петров бараше од Законодавно -правната комисија оваа Комисија да се произнесе дали ваквото однесување на Владата е во согласност со Деловникот или не. Што значи веднаш доби одговор, бара Законодавно -правната комисија да даде толкување на Деловникот, а ние имаме Комисија за деловнички прашања и оваа надлежност е исклучиво на таа комисија. Кога реков дека најверојатно станува збор за недоразбирање сега се обраќам до претседателот на Собранието кога се изрази дека ова е политички став на две комисии. Не е, туку е разграничување на надлежностите на комисиите. Законодавно-правната комисија не е надлежна да го толкува Деловникот. Има таква комисија и таа Комисија за деловнички прашања ќе даде свое мислење за овој дел. Сакам така и да се сфати, а не како што го пренесе претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, јас го пренесов бидејќи беше речено дека сте барале вие од Комисијата. Така рече господин Петров овде, тоа е барање на двете комисии.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, станува збор за барање на Комисијата за внатрешна политика од Законодавно -правната комисија и од Комисијата за деловнички прашања да се произнесат по ова прашаше. Бидејќи Томислав тврди дека не е надлежна, тогаш останува Комисијата за деловнички прашања. Имаше време 10 дена таа комисија да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ако инсистирате да се произнесе, тогаш мораме да дадеме пауза, да бараме од претседателот на Комисијата да одржи седница.

ПРАТЕНИК 0Д МЕСТ0:

Не е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе го повикате. Се едно, тој е претседател на Комисијата, нека си ја изврши задачата. Или некој што го заменува, важно Комисијата нека си одржи седница.

Ве молам, за да се разјасни и тоа прашање да дадеме една пауза.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Нешто што е изгласано, не може сега повторно пак на комисија да оди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте сега за тоа.

Пауза од половина час.

(Пауза од 12,50 до 15,05 часот).

Молам службите да ги повикаат пратениците.

Замолен сум да ве известам дека ми се обратија од пратеничката група ПДП-НДП, инаку имаме 69 пратеници овде присутни, дека тие не можат да присуствуваат денес на Четириесет и првата седница и дека бараат дополнителни контакти со Владата по законите кои се на таа седница, сакаат дополнителни консултации.

Затоа, што е вашиот став?

(Се обраќа до претставник на Владата).

**ЉУБОМИР ВРЧКОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Владата се согласува.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** {ОД МЕСТО)

Тоа е нивен проблем, ако сакаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагач е Владата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, оваа Четириесет и прва седница никако да ја завршиме. А на Македонија и е неопходно потребно еднаш за секогаш да ја заокружи својата државност токму со донесувањето на овој закон. За жал, мора да констатирам дека ние овде како пратеници Македонци не сме способни или не сакаме токму да ја заокружиме таа државност со донесувањето на овие закони. Основните закони од кои претпочита и меѓународното признавање на една

држава, тоа е законот за државјанството, за патните исправи, за грбот. На кого ние правиме кејф овде што не ги донесуваме законите, ако веќе имаме такво мнозинство со кое што Парламентот може да работи и да одлучува и да ги донесе овие закони за кои ние сите еднодушно се залагаме. Дали се залагаме сите навистина да ги донесеме овие закони. Мислам дека треба да направиме еден огромен напор денес, да ја продолжиме оваа седница и да се донесат овие закони. Еднаш за секогаш треба да биде јасно дека опструкцијата којашто ја прави пратеничката група на ПДП и НДП, се обидува да се наметнува со исто такво однесување и во Владата, во коалиционата Влада каде што се тие присутни.

Оттука, треба да му е јасно секому дека оваа опструкција има за цел да ја руши и да ја дестабилизира Република Македонија едноставно со приоѓање на формулата за признавањето на статус на народ на Албанците, а со тоа во сите други последици и поделба на Република Македонија. Ако сме веќе свесни дека тоа е факт и дека се игра на таа карта, јас ве повикувам вас и ве прашувам дали сакаме да бидеме соучесници на поделбата на Македонија. Мислам дека треба да ја продолжиме Четириесет и првата седница и да се донесат законите, бидејќи народот ќе не осуди нас како предавници на Македонија.

(Аплауз од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Токму затоа за да не ја поделиме Македонија и токму затоа да нема предавници ниту меѓу Македонците, ниту меѓу граѓаните на Македонија, туку да ја зацврстиме Македонија, треба да и дадеме

на Владата да процени дали евентуално одлагањето на седницата за еден ден или два може да донесе решенија кои се во согласност со Уставот. Ве молам, никој не смее да си дозволи предлагање овде надвор од Уставот или кое би ја оштетило државноста на Македонија. Таква надеж нема да постои едноставно, однапред да се знае.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Мислам дека решенијата кои ги понуди Владата се во рамките на Уставот и одговараат и на правната и на политичката состојба во Македонија денес, Мислам дека се еден напор кој Владата го направи и од кои понатаму веќе не знам што може да се направи, меѓутоа се во корист на тој дијалог да го држиме, ако веќе треба да го држиме, јас предлагам да не правиме од ова проблем и ден-два ако се одложи седницата, истите овие решенија законски од Владата ќе бидат на маса на Собранието, и понатаму и мислам дека можеме уште толку да се стрпиме. Затоа, Владата го прифати ова барање на пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, според тоа, ве молам...

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (ОД МЕСТО) Процедурално барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема процедурално ништо, Владата е предлагач господа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Имам право како говорник да излезам на говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема, се изјасни човекот.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: {ОД МЕСТО) Имам право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме точка на расправа.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

За тоа што го предложивте како пратеник имам право да се изјаснам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата си предлага, јас само констатирам господо.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:(ОД МЕСТО) И ПОВЕЌЕ ПРАТЕНИЦИ:

Каква Влада, кој ја признава оваа Влада?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, повели Голубовски.

(Во салата се слушаат реакции од некои пратеници).

Тишина, тишина, ве молам ред во салата, какви се тие викања.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи се очигледни игрите кои се водат во Македонија, сега ова се последни обиди да се добие повторно во време, Владата очигледно не е способна да владее со ситуацијата во Република Македонија и предлагам на пратениците кои не се согласуваат со ваквиот расплет во врска со одржувањето на Четириест

и првата седница да покренат иницијатива за изјаснување на доверба на Владата, бидејќи очигледно дека претседателот на Собранието нема да дозволи никаков друг расплет освен она што според нивното сценарио го замислиле. Затоа, ве повикувам да направиме иницијатива и да изгласаме недоверба на првата наредна седница на оваа Влада, која навистина се согласувам се однесува предавнички спрема интересите на Македонија и македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, иницијативи можете да давате секакви надвор од седницата овде. Таа таква иницијатива не може на седницата сега да се даде треба однапред да биде доставена...

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Тебе не те прашува никој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ве молам само јас се прашувам овде, господине Голубовски да си седите мирно таму, само од овде се зборува.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Од таму циркуси се прават, а од овде се зборува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, вие правите циркус секогаш овде. Да се разбереме, ова е Собрание. Не е некаде на сред село митинг.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Некој ќе заврши како... (последните зборови од реченицата не можат јасно да се разберат).

СТОЈАН АНДОВ:

**Ве молам, тишина, јас држам до тоа што е на дневен ред.**

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО) **Според сценаријата.**

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема **никакви сценарија, Владата** секогаш **има** право **да** се произнесе овде **и** во ниедна држава Владата не **е лишена** од тоа право.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

(Се слушаат реакции од место од пратеникот Голубовски **и** некои други пратеници).

НЕКОИ ПРАТЕНИЦИ: (ОД МЕСТО)

Која Влада?

СТОЈАН АНДОВ:

Оваа Влада која е сега. Ако сакате иницијатива да ја смениме Владата, дајте, ќе го разгледаме тоа. Нема проблеми никакви.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО).

(Повторно се слушаат некои реакции).

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, Четириесет и првата седница се одлага за ден - два, кога Владата ќе ни соопшти.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО).

Срамота,

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам претставници на Владата да обезбедиме да минеме на Четириесет и шестата седница.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

Која Влада? (Покажува со раката кон местата каде што треба да седат членовите на Владата).

СТОЈАН АНДОВ:

Претставник имаме по законите.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

Кој претставник?

СТОЈАН АНДОВ:

Овластен претставник, господине Голубовски, овластен претставник од Владата. По Деловникот само така може, овластен претставник да изјави овде, не може друг да изјави.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

Не знам дали самите веќе верувате дека тоа може да биде,

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа, соберете ги сите да влезат и од таму, Јас не знам вие во што верувате, само тоа заврши.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ОД МЕСТО)

Во вас не верувам, секако.

СТОЈАН АНДОВ:

Петнаесет минути пауза да се обезбедат претставници на Владата по точките од Четириесет и шестата седница. (Седницата заврши во 15,15 часот).